# Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери

**Службен весник на РМ бр.99/2009 од 05.08.2009 година**

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 19.300.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот за условени парични трансфери.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за условени парични трансфери, кој ќе се склучи помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 25 години, со вклучен грејс период од 7 години.

Каматната стапка е шестмесечен ЛИБОР со варијабилен распон (за евро валута).

На денот на првото повлекување на средствата од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 36 полугодишни рати, на секој 15-ти март и 15-ти септември во годината. Од 15-ти септември 2016 година до 15-септември 2033 година ќе се отплатат 35 полугодишни рати секоја во износ од 2.78 % од износот на заемот, односно 536.540 евра, додека на 15-ти март 2034 година ќе се отплати последната рата во износ од 2.7% од заемот, односно 521.100 евра.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од член 1 на овој закон е Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".